Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Педагошки факултет
„Св. Климент Охридски“ - Скопје

# ПЕДАГОШКА РЕВИЈА

Научно списание за образовни прашања

Бр. 1-2

Година 6, 2015

# УРЕДУВАЧКИ ОДБОР

**Pedagogical Magazine – Key Information (EBSCO)**

| | |
|---|---|
| Title:<br>**PEDAGOGICAL MAGAZINE**<br>*Science magazine for education issues* | **Наслов:**<br>**ПЕДАГОШКА РЕВИЈА**<br>***научно списание за образовни прашања*** |
| Frequency:<br>Two editions per year | **Фрекфенција:**<br>**Две годишни изданија или двоброј** |
| | |
| Founded:<br>For the first time the magazine was published in 2002 as "Pedagogical practices" – ISSN: 18575161. In 2010 the title of the journal was changed into"Pedagogical magazine" – *Science magazine for education issues,* ISSN: 1857-7105 and this title is still actual. | **Основање:**<br>**Првиот број на списанието е објавен во 2002 г. со наслов „Педагошка практика" -ISSN: 18575161. Во 2010 година списанието е преименувано во „Педагошка ревија" – *Научно списание за образовни прашања,* ISSN: 1857-7105. Со оваа титла списанието се објавува до денес.** |
| Language:<br>Abstracts: Englishlanguage<br>**Full text paper:Macedonian language** | **Јазик:**<br>**Апстракти: англиски јазик**<br>**Интегрален текст: македонски јазик** |
| **Publisher:**<br>**Ss. Cyril and Methodius University in Skopje,**<br>**Faculty of Pedagogy "St. Kliment Ohridski" – Skopje, Republic of Macedonia** | **Издавач:**<br>**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**<br>**Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, р. Македонија** |
| **Editor in chief**<br>Emilj Sulejmani, PhD<br>**Editor**<br>Tatjana Koteva Mojsovska, PhD. | **Главен и одговорен уредник**<br>Проф. д-р Емиљ Сулејмани<br>**Уредник**<br>Проф. д-р Татјана Котева-Мојсовска |

| | |
|---|---|
| **Editorial board:** | **Уредувачки одбор:** |
| Tatjana K. Mojsovska, PhD,R. Macedonia | д-р Татјана К. Мојсовска, Р. Македонија |
| Rozalina P. Koskarova, PhD, R. Macedonia | д-р Розалина П. Коскарова, Р. Македонија |
| Mito Spasevski, PhD, R. Macedonia | д-р Мито Спасевски, Р. Македонија |
| Aida Islam, PhD,Macedonia | д-р Аида Ислам, Р. Македонија |
| Biljana Kamčevska, PhD,Macedonia | д-р Билјана Камчевска, Р. Македонија |
| Emil Sulejmani, PhD,Macedonia | д-р Емиљ Сулејмани, Р. Македонија |
| Vesna Makaševska, PhD, Macedonia | д-р Весна Макашевска, Р. Македонија |
| ZoricaStanisavlević P., R. Serbia | д-р Зорица СтанисављевиќП., Р. Србија |
| Milan Matijević, PhD,Croatia | д-р Милан Матијевиќ, Р. Хрватска |
| Ana Liza Gasparini, PhD, Croatia | д-р Ана Лиза Гаспарини, Р. Хрватска |
| Mikele De Beni,PhD,Croatia | д-р Микеле Де Бени, Италија |
| Milenko Kundačina, PhD, | д-р Миленко Кундачина, Р.БиХ |
| Fadbarha Gjini, PhD, Albania | д-р Фадбарха Ѓини, Р. Албанија |
| Liljana Rečka, PhD, Albania | д-р Лилјана Речка, Р. Албанија |
| Sezen Ozeke, PhD, Turkey | д-р Сезен Озеке, Р. Турција |
| Trayan Pop Kočev, PhD, R. Bulgaria | д-р Трајан Поп Кочев, Р. Бугарија |
| Willian Warrick, PhD, USA | д-р Вилијам Ворик, САД |
| Dawn M. Hatway, PhD, USA | д-р Дон М. Хатвај, САД |
| **Редакциски одбор:** | **Redaction:** |
| д-р Татјана Котева – Мојсовска | Tatjana Koteva-Mojsovska, PhD |
| д-р Бујар Саити | Bujar Saiti, PhD |
| д-р Лулзим Алиу | Lulzim Aliu, PhD |
| д-р Маја Рауник – Кирков | Maja Raunik – Kirkov, PhD |
| д-р Елизабета Ралповска | Elizabeta Ralpovska, PhD |
| д-р Флорина Шеху | Florina Shehu, PhD |
| **Јазична редакција:** | **Proofreading:** |
| д-р Мито Спасовски | Mito Spasevski, PhD, R. Macedonia |
| д-р Благица Петковска | Blagica Petkovska, PhD, R. Macedonia |

| | |
|---|---|
| **Ликовно уредување и дизајн на корица:**<br>д-р Маја Рауник – Кирков | **Visual editing and design:**<br>Maja Raunik – Kirkov, PhD |
| **Секретар на списанието:**<br>м-р Анита Штерјоска | **Secretary of the jornal:**<br>Anita Shterjoska, MPhil |
| **Технички уредник:**<br>Гордана Ефремовска | **Technical Editor:**<br>Gordana Efremovska |
| **Веб администратор:**<br>Тихомир Јаневски | **Web administrator:**<br>Tihomir Janevski |
| **Contact person:**<br>**Anita Shterjoska,**<br>**e-mail: asterjos@yahoo.com**<br>**Phone: ++389 75 474 566** | **Лице за контакт:**<br>**Анита Штерјоска**<br>**e-mail: asterjos@yahoo.com**<br>**тел.: ++389 75 474 566** |
| **Phone:**<br>**+389 2 3066 776 / ext. 225** | **Тел.:**<br>**+389 2 3066 776 / лок. 225** |
| **Fax:**<br>**+389 2 3066 807** | **Факс:**<br>**+389 2 3066 807** |
| **e-mail:pedagoska.revija@gmail.com** | **е-маил:pedagoska.revija@gmail.com** |
| **Address:**<br>**"Ss. Cyril and Methodius"**<br>**University in Skopje**<br>**Faculty of Pedagogy**<br>**"St. Kliment Ohridski"**<br>**PartizanskiOdredib.b.**<br>**1000 Skopje,**<br>**Republic of Macedonia** | **Адреса:**<br>**Универзитет**<br>**„Св. Кирил и Методиј" во Скопје**<br>**Педагошки факултет**<br>**„Св. Климент Охридски"**<br>**Партизански Одреди б.б.**<br>**1000 Скопје,**<br>**Р. Македонија** |

Јасминка КОЧОСКА

37.014.53.091.3

стручен труд

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ДЕМОКРАТСКИОТ СТИЛ НА ИЗУЧУВАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ ПО ПРЕДМЕТОТ ОПШТЕСТВО ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Abstract

The principle of democracy can be realized if we have rich and stylistic didactic-methodological material at our disposal. There are also things which are important for the process of education.

This is a very broad topic, which can be analyzed through the many relations it has. We are going to scrutinize the educational procedures and actions that have one primary goal – to train the children, young people and the adults to become active citizens in the modern democratic society. As far as the content of the subject *society* is concerned, it is essential that the fourth grade students actively participate in the activities by “working smart”, which is a valuable goal that leads to better results and efficiency, as well as greater flexibility and dynamic. Interactive education facilitates the development of essential skills, such as: communication and information literacy, achievement of the highest qualities, taking responsibility, thus introducing the democratic style of learning.

**Key words:** *instruction, society, democratic style, importance.*

## ДЕМОКРАТСКИОТ СТИЛ ВО НАСТАВАТА

Во современи услови на живеење, концептот на демократијата, а истовремено и граѓанското образование, вклучува активно учество на граѓанинот во глобални размери и води кон нови форми на општествена (човечка) солидарност, партиципација и проширени одговорности (не само за актуелното, туку и за она што следи во иднина). Во таа смисла, станува збор за збир од воспитни и образовни мерки, акција и активности што имаат една основна цел - оспособување на децата, младите и возрасните за улога на активни граѓани во современо демократско организирано општество.

Во секој случај, ваквите промени во воспитно-образовниот процес неопходно е да се разберат како нужни и позитивни тенденции. Тие, во својата суштина, значат процес на прилагодување и осовременување на воспитно-образовната дејност, но и процес на нејзино натамошно доизградување, унапредување во духот на актуелните потреби и на новите педагошко-психолошки сознанија (Ампов, 2000).

Демократизацијата, всушност, придава големо значење на подготовката на ефективни наставници во поглед на начинот на кој тие ги организираат наставните активности, во кои учениците имаат можност да го искористат своето знаење и, евентуално, да го поврзат со друго. Меѓу нив се следниве:

- зголемување на научните вештини за резонирање (поставување на прашања, дизајнирање на истражувања), умствени навики (желба за учење, скептицизам), како и разбирање на начинот на нивното приближување кон учениците;
- прилагодување на знаењето и негово користење на соодветни начини за приближување на учениците на научната работа преку: споредување, барање сличности и разлики, експериментирање, демонстрирање;
- познавање на способностите на учениците, квантумот на нивните знаења и стекнатото искуство, особено во начинот на нивното поврзување со научните концепти и
- способност за искористување на знаењето на учениците преку користење на различни организациони структури, вклучувајќи ги кооперативните групи.

Интерактивната настава, преку која се развиваат битни вештини, како што се: комуникациска и информатичка писменост, остварување на највисоките квалитети, како и преземање на одговорност, ја овозможува демократскиот стил на изучување на наставните содржини.

Овој стил во наставата претставува надополнување на фронталната работа преку користење на други облици, форми, методи, стратегии, и каде трансферот на знаења и искуства се споделува по пат на социјални контакти и акции во кои учењето се одвива организирано или спонтано, а како резултат на истото се појавуваат релативно перманетни промени во размислувањата, емоциите и однесувањето.

Битни специфики на демократскиот стил на работа во дидактичко-методичка смисла се:

- предност на формалниот компонент на наставата - наспроти материјалниот; доминација на принципот на интеграција во наставата во целокупната воспитно-образовна работа;
- тенденција кон заокружени целини и теми;
- надминување на предметниот систем во наставата;
- укинување на 45-минутниот распоред на времето;
- применување на активни методи во наставата;
- истражувачки пристап во работата на учениците, засновани на нивната самоактивност, ориентација кон проучување на реалниот живот во непосредната животна и работна средина;
- потенцирање на принципите: интерес, активност, спонтаност, применливост, целосност, индивидуалност, самостојност, интерактивност, комуникативност;
- инсистирање на максимална субјективност на ученикот во воспитно-образовната работа;

- негување на координативна и насочувачка улога на наставникот и неговата стимулативност;
- демократизација на вкупните односи во училницата, во училиштето, неговата отвореност кон семејството и другите фактори во средината;
- распоред на учениците по центри, катчиња, групи;
- дисциплината е работна со слободна комуникација помеѓу учениците и со ротација на активностите во групата, односно центрите (Николовска, 2000).

Користењето на демократскиот стил на работа овозможува еден поинаков стил на комуникација и помеѓу учениците и помеѓу наставникот и учениците во кој се поттикнуваат разни прашања, интереси за различни нешта, споделување на идеи, лична иницијатива, односи кои се одликуваат со доверба во компетенциите на ученикот, позитивно влијание врз учењето, на активната конструкција на знаењата и развивање на свеста за себе како одговорен ученик во животот на една заедница.

## ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАВАТА ПО ПРЕДМЕТОТ *ОПШТЕСТВО* ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

Кога станува збор за согледувањето на значењето на наставата по предметот *Општество* во IV одделение, најпрво треба да се појде од придонесот што таа го дава во формирањето на личноста на ученикот. Постојат три аспекти на тоа значење на наставата по овој предмет: образовно, воспитно и практично значење. Образовното го условува воспитното, воспитното го одредува образовното, а практичното ги содржи и образовното и воспитното значење на наставата.

**Образовното значење** на наставата по предметот Општество во IV одделение се однесува на:

- процес на усвојување на факти и генерализации за општеството;
- формирање умеења и навики;
- развој на способноста за научно мислење;
- изградување на правилен поглед кон светот;
- самостојно учење;
- сознавање.

**Воспитното значење** на наставата по предметот Општество во IV одделение се однесува на:

- општествено-моралното воспитание (сознанија за историското минато на нашиот народ, културните традиции, изградбата на демократското оопштество, менување на условите за подобар живот во сегашноста и во иднината итн.);
- интерактивна комуникација;
- групно работење;
- формирање позитивен став кон работните обврски;
- меѓусебно почитување кај субјектите;
- емпатија;

- чувство на хуманизам;
- други позитивни ставови кај учениците.

**Практичното значење** на наставата по предметот Општество во IV одделение се однесува на:

- форми на практични сознајни активности за поврзување на теоријата и практиката;
- изградување позитивни ставови и мислења;
- интерактивен однос со предметите на истражување во наставата (собирање на разни материјали и нивно проучување, уредување и одржување на просторот на училницата и училиштето, учество во сообраќајот како пешаци, изведување на општественокорисна работа) (Колонџовски, 2003).

**Табела 1. Значајни функции во наставата по *Општество* во IV одделение**

| Пронаоѓање на податоци | Абсорбирање на информации. |
|---|---|
| Манипулирање со податоците | Процесирање на информациите. |
| Разбирање, резонирање | Успешно сфаќање на нештата. |
| Објаснување | Шематска конструкција. |
| Планирање | Употреба на знаењето во следните активности. |
| Комуницирање | Споделување на информации со другите. |
| Интегрирање | Соединување на информации што имаат смисла. |

Науката со сигурност напредува исто толку како и техниката и технологијата. Додека учениците учат, околностите и концептите во општеството секојдневно се менуваат. Без разлика дали само ќе стоиме и ќе набљудуваме или динамично ќе интервенираме, мораме да реагираме рефлективно. Поради тоа е неопходно за учениците активно да практицираат во реализирањето на активностите по *Општество*, вклучувајќи го слоганот ,,попаметно работење", како вредна цел за постигнување на подобри резултати, поголема ефективност, флексибилност и динамичност.

Наставните содржини по предметот *Општество* во IV одделение, со кои се запознаваат учениците, имаат повеќекратна функција. Како прво, тие ги задоволуваат потребите и интересирањата на учениците; овозможуваат подобро запознавање и разбирање на сопствената средина и ги учат поимите за решавање на општествените проблеми. Денешниот ученик не треба само да познава низа на научни факти, туку треба да го знае и начинот како да дојде до потребните информации и истите соодветно да ги искористи. Поради тоа, во реализацијата на содржините по овој предмет, наставникот ја игра клучната улога. Тој треба да води сметка за тоа кои содржини ќе овозможат продлабочување на интересите на учениците за светот околу нив,

содржини кои имаат општествена вредност и имаат социо-културно, етичко и економско значење за заедницата во која живее ученикот. На таков начин тој ќе може да создаде основа за единство, севкупност и континуитет на тие знаења, кои треба понатаму да се одржуваат и да се систематизираат.

„Според Концепцијата и наставниот план за деветгодишното воспитание и образование, предметот *Општество* е застапен во IV и V одделение. Наставната програма по предметот *Општество* опфаќа цели и содржини од повеќе подрачја: географија, социологија, историја, етнологија, психологија, економија, политика, етика и сл. Со изучувањето на наставниот предмет *Општество* се создава основа за наставата по историја, географија и граѓанско образование, коишто ќе ги изучуваат учениците во погорните одделенија на основното училиште.

Важно е наставниот процес да биде заснован на:

- секојдневните реални состојби и прашања кои произлегуваат од непосредната лична и општествена околина на учесниците;
- холистичка, интердисциплинарна и интерактивна обработка на наставните содржини;
- насочување кон поврзување на сознанијата за поимите со конкретните односи и појави во семејството, локалната заедница и општината;
- насочување кон планирање и преземање на активности во непосредната околина и
- поттикнување на споредбен пристап во обработката и презентирањето на информации за појавите и другите сознанија на учениците" (Образованието, 2009).

## ЗАКЛУЧОК

Принципот на демократизација би можел да се реализира доколку постои богата дидактичко-методска понуда од стилски и од материјален аспект и други мали, но значајни нешта за воспитно-образовниот процес. Наставниците, кои играат мошне значајна улога во целокупниот тој процес би требало да продолжат да се усовршуваат во таа насока, со цел да можат да ги оспособат сегашните и идните генерации на еден побрз и полесен начин да ги решаваат проблемите на лично, професионално, локално и глобално ниво. Тоа не значи ништо друго, туку задоволување на потребите и интересирањата на учениците; овозможување начини за подобро запознавање и разбирање на сопствената средина и учење на поимите за решавање на општествените проблеми. Исто така, неопходно е сите учесници во воспитно-образовниот процес да се охрабрат во преземањето на новите улоги во процесот на демократизација и да се мотивираат во совладувањето на знаењата, вештините и способностите за критичка примена на функционалните знаења во системот на образованието, неговиот облик и суштина.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Center, T. T, (2015) *Democratic Classrooms*. Повратено од Professional Development: Building Relationships in the Classroom: http://www.tolerance.org/democratic-classrooms.
2. Cortland, S, (2015) *Suny Cortland*. Повратено од A Democratic Classroom Environment: https://www2.cortland.edu/centers/character/wheel/democratic-classroom.dot.
3. Education, U. R, (2015) *Teach/ Make a difference* . Повратено од Learning Styles: http://teach.com/what/teachers-teach/learning-styles.
4. Hopkins, J, (2012) *Johns Hopkins, School of education*. Повратено од New Horizons for Learning: http://education.jhu.edu/PD/newhorizons.
5. Styles, L, (2014) *Online Learning Style Assessments & Community*. Повратено од The Official Site of Dunn and Dunn Learning Styles: http://www.learningstyles.net/.
6. Ампов, Б, (2000) Односот традиционално и современо-интенции. Во *Зборник на трудови од тематска расправа* (стр. 11), Педагошки факултет ,,Св.Климент Охридски", Скопје.
7. Колонцовски, Б, (2003) *Методика на наставата по природа и општество, природа, општество/ скрипта за интерна употреба.,* Педагошки факултет, Битола.
8. Николовска, Ј, (2000) Традиционалното и современото во предучилишното воспитание и во основното образование. Во Зборник на трудови од тематска расправа, *Традиционалното и современото во воспитно-образовната практика* (стр. 15). Педагошки факултет Св. Климент Охридски, Скопје.
9. Образованието, Б. З, (2009) *Наставни програми за IV одделение во деветгодишно основно образование*. Повратено од Деветгодишно основно образование/Наставна Програма/Општество: http://bro.gov.mk/docs/4_nastavni_programi.pdf.